Акционерско Друштво
КОНЗЕРВНА ФАБРИКА
Бр. 0302-04
12-06-2019 год.
Струмица

# ЗАПИСНИК

Од редовно годишно собрание на акционери на АД Конзервна фабрика Струмица одржано во просториите на Ад Конзервна фабрика на 12.06.2019г., со почеток во 13,00 часот.

Согласно одредбите на чл.384 ст.1 и чл.387 ст.1 и 3 од Законот на трговските друштва, Претседателот на УО на АД Конзервна фабрика Струмица со јавна покана објавена во дневниот весник Нова Македонија од 16.05.2018 год., свика редовно годишно собрание на АД Конзервна фабрика Струмица закажано на 12.06.2019год., со почеток во 13,00 часот со следниот

## Дневен ред

1. Разгледување и усвојување на завршна сметка за 2018година.

2. Усвојување на Ревизорскиот извештај за 2018година

3. Донесување на одлука за избор на Ревизор за 2019година

На седницата беше присутен Претседателот на Управниот Одбор на АД Конзервна фабрика Иван Николов од Струмица,кој според состојбата од акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност е најголем акционер со право на глас,односно неговото учество во основната главнина на Акционрското Друштво Конзервна фабрика сСтрумица изнесува 85,51%.

На седницата на собранието за Претседавач беше избрана акционерот Николова Снежана, кој, согласно чл.393 од ЗТД, утврди дека со присутните акционери е обезбеден кворум за легитимна работа на собранието,бидејки беше присутен најголемиот акционер на АД Конзервна фабрика со право на глас од 85,51% За понатамошен тек на седницата на Собранието од присутните акционери за Записничар беше избрана Димитар Николов, а за Оверувачи на Записникот беа избрани акционерите Иван Николов и Дијана Николова. Потоа, Претседавачот го стави на гласање предложениот дневен ред и истиот беше едногласно усвоен.

Од првата точка од дневниот ред Димитар Николов даде образложение на финансиските податоци од завршната сметка за 2018 година, со напомена дека заради

објективни причини во извештајниот период фабриката немала производни активности.

Беше прочитан и Извештајот на Ревизорот за 2018 година бидејќи овластениот ревизор не беше лично присутен, а претседавачот Николова Снежана го прочита Извештајот за работа на Управниот Одбор на Друштвото.

**О Д Л У К А**

Се усвојува и прифаќа завршната сметка- финансов извештај за 2018 година, Извештајот за работата на раководството во 2018 година и ревизорскиот извештај за 2018 година.

Под точка три се донесе Одлика за избор на Ревизор за 2019 година.

Седницата на Собранието заврши во 14,30 часот

Струмица 12.06.2019 година

Претседавач на собрание

Николова Снежана

Записничар

Димитар Николов

Оверувачи на записникот

Иван Николов

Дијана Николова